Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-13/2
Датум: 15.02.2023

Постапувајќи по претставката бр. 08-691 од 29.12.2022 година, поднесена од [redacted] од Прилеп против Стоматолошка комора на Македонија, за извршена дискриминација врз основ на друго уверување, лично својство и општествен статус и без во областа на членување и дејствување во други организации засновани на членство, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 09.02.2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**за отфрлање на претставка заради ненадлежност**

СЕ ОТФРЛА претставката 08-691 од 29.12.2022 година, поднесена од од [redacted] од Прилеп против Стоматолошка комора на Македонија, поради ненадлежност.

Образложение

На 29.12.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше досставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] Прилеп против Стоматолошка комора на Македонија, за извршена дискриминација, *врз основ на друго уверување, лично својство и општествен статус, како и поради откривање на криминалите и неправилностите кои се прават во комората и поради спротивставување, укажување и пријавување на истите до надлежните институции,* без да ја наведи областа во која се случила дискриминаторската активност. Подносителката во претставката наведува дека претседателот на Комората континуирано ја омаловажувал, не и давал збор на состаноците, не ги поставувал нејзините предлози на гласање или расправа и слично. Исто така, таа смета дека била дискриминнирана и од страна на Судот на честа при Комората, кои во континуитет поведувале постапки против неа, за работи кои биле вон нивната надлежност. Во претставката таа посочува дека била дискриминирана и од Етичката комисија затоа што повеле постапка против неа и ја исклучиле од сите органи и тела од Комората .

Согласно наводите и барањата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во

надлежностите на Комисијата. Имено, Комисијата согласно членот 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација нема надлежност да ја оценува законитоста на управни акти ниту истите да ги коментира од аспект на барањата на подносителкта.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други.*

Членот 5 од истиот закон ги дефинира дискриминаторските основи: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Оттука, проблемот што го адресира подносителката не спаѓа во законските надлежности на Комисијата утврдени со Законот за спречување и заштита од дискриминација па затоа Комисијата донесе Заклучок за отфрлање на претставката поради ненадлежност, како што е наведено во диспозитивот.

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
Архива на КСЗД